Врз основа на членот 158-s точка 1) и членот 74 точки 8) и 9) од Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/02, 79/07, 88/08, 67/10, 44/11, 188/13, 112/14, 153/15, 192/15 и 23/16), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување донесе

ПРАВИЛНИК
за методот за пресметка на коефициентот на ликвидност и минималната ликвидност

I.Општи одредби

Член 1

(1) Со овој правилник поблиску се пропишува:

1. Методологијата за пресметка на коефициентот на ликвидност и минималната ликвидност што друштвата за осигурување и/или реосигурување (во понатамошниот текст: друштва за осигурување) се должни да ја применуваат во управувањето со ликвидноста од членот 103 од Законот за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: Законот);
2. Планирањето на очекуваните приливи и одливи на парични средства, редовна контрола на ликвидноста и усвојување на мерки за спречување или отстранување на причините за неликвидност согласно со одредбите од член 103 став (2) и (3) од Законот и
3. Содржината, начинот и роковите на известување до Агенцијата за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: Агенцијата).

Член 2

(1) Органот на управување на друштвото за осигурување е должен да донесе интерен акт со кој детално ќе го пропише начинот на управување со ликвидноста, при што ќе одреди стратегија и политика на друштвото за осигурување за управување со ликвидноста во вообичаени и во вонредни околности.

(2) Органот на управување на друштвото за осигурување е должен да воспостави организациона структура, систем на внатрешна контрола, како и систем на управување со информациите, кои ќе се применуваат за мерење, следење, контрола и известување за ликвидноста.

(3) Органот на управување на друштвото за осигурување е должен да донесе план со мерки за спречување, односно отстранување на причините за неликвидност.

Член 3

(1) Друштвото за осигурување е должно на редовна основа да ги планира очекуваните (извесни и неизвесни) приливи и одливи на парични средства. За таа цел, друштвото е должно да подготвува месечни планови на очекувани приливи и одливи на парични средства.

(2) Друштвото за осигурување ги подготвува плановите од став (1) од овој член врз основа на податоците од својата деловна евиденција.

II. Начин на пресметка на коефициентот на ликвидност

Член 4

(1) Коефициентот на ликвидност е показател кој го претставува односот помеѓу ликвидните средства и доспеаните обврски, односно обврските кои наскоро ќе доспеат.

(2) Ликвидни средства се следните средства со кои располага друштвото за осигурување:

- парични средства во банка и во благајна;
- депозити по видување;
- орочени депозити доколку доспеваат во наредните седум дена, односно можат да се отповикаат во наредните седум дена; и
- хартии од вредност кои доспеваат во рок од седум дена.

(3) Доспеани обврски на друштвото за осигурување се обврските од непосредни работи на осигурување, обврски по основ на работи на соосигурување и реосигурување (пасивно соосигурување/реосигурување), обврски по основ на учество во надомест на штети од работи на соосигурување и реосигурување, обврски за провизија по основ на работи на застапување и посредување во осигурувањето и останати обврски од непосредните работи на осигурување, обврски по основ на вложувања, обврски спрема вработените и останати обврски кои доспеале на денот за кој се пресметува коефициентот на ликвидност.

(4) Обврски на друштвото за осигурување кои наскоро ќе доспеат се обврските од непосредни работи на осигурување, обврски по основ на работи на соосигурување и реосигурување (пасивно соосигурување/реосигурување), обврски по основ на учество во надомест на штети од работи на соосигурување и реосигурување, обврски за провизија по основ на работи на застапување и посредување во осигурувањето и останати обврски од непосредните работи на осигурување, обврски по основ на вложувања, обврски спрема вработените и останати обврски кои ќе доспеат во рок од седум дена.

(5) Ликвидни средства во смисла на одредбите од став (2) од овој член не се сметаат хартиите од вредност со кои не се тргува на регулирани финансиски пазари и за кои е тешко да се одреди пазарната вредност.

(6) Ликвидни средства во смисла на одредбите од став (2) од овој член не се сметаат хартиите од вредност кои се класифицирани како хартии од вредност кои се чуваат до доспевање, освен доколку истите се доспеани, односно доспеваат во наредните седум дена. За целите на пресметување на коефициентот на ликвидност друштвото за осигурување треба да ги вреднува и искажува овие средства по објективна вредност.

(7) За обврски во смисла на одредбите од став (3) и (4) од овој член се сметаат и билансните и вонбилансните обврски кои не можат да се одложат, а се поврзани со определени трошоци за периодот, односно обврски од термински договори.

(8) За обврски во смисла на одредбите од став (3) и (4) од овој член се сметаат и сите други очекувани трошоци кои не се искажани како обврски во билансот на состојба, но за кои е извесно дека ќе настанат во рок од еден ден од денот за кој се пресметува коефициентот за ликвидност.

(9) Вреднувањето на поединечните ставки кои влегуваат во пресметката на коефициентот на ликвидност се врши на начин пропишан со правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси на друштвата за осигурување.

Член 5

(1) Друштвото за осигурување е ликвидно доколку коефициентот на ликвидност од член 4 од овој правилник е повисок или еднаков на 1.

(2) Друштвото за осигурување е неликвидно доколку коефициентот на ликвидност од член 4 од овој правилник е помал од 1.

Член 6

(1) Друштвото за осигурување е должно на дневна основа да пресметува:
- износ на ликвидни средства од член 4 став (2) од овој правилник;
- износ на доспеани обврски од член 4 ставови (3), (4), (7) и (8) од овој правилник;
- коефициент на ликвидност од член 4 став 1 од овој правилник.

(2) Друштвото за осигурување ги пресметува износите на ликвидни средства, доспеаните обврски и коефициентот на ликвидност од став (1) од овој член на Образец КЛ - Пресметка на дневен коефициентот на ликвидност, кој е даден во прилог на овој правилник и е негов составен дел (во понатамошниот текст: Образец КЛ).

(3) Друштвото за осигурување треба да ја поткрепува пресметка на коефициентот на ликвидност со соодветна документација од која може да се потврди веродостојноста на пресметката.

III. План со мерки и постапување на друштвото за осигурување во случај на неликвидност

Член 7

(1) Доколку органот на управување на друштвото за осигурување утврди дека друштвото за осигурување е неликвидно согласно член 5 став (2) од овој правилник, за ова ќе ја извести Агенцијата најдоцна до крајот на првиот нареден работен ден.

(2) Известувањето од претходниот став од овој член мора да содржи податоци за вкупниот износ и структурата на ликвидните средства и достасаните неизмирени обврски на друштвото за осигурување, како и причините за неможност за плаќање и преземените и планираните активности за отстранување на привремената неможност за плаќање, односно за отстранување на причините за неликвидност. Притоа, треба детално да се наведе кои извори на средства друштвото искористило или има намера да користи за

надминување на неликвидноста, како и план на приливи и одливи за наредниот период од триесет дена.

(3) Друштвото за осигурување е должно кон известувањето да приложи пресметка на дневниот коефициент на ликвидност на Образецот КЛ на денот на кој друштвото за осигурување искажало неликвидност.

Член 8

(1) Органот на управување на друштвото за осигурување е должен да подготви и усвои план со мерки и да постапи по него во случај на неликвидност на друштвото за осигурување. Планот се смета за составен дел од актите на друштвото за осигурување кои се однесуваат на управување со ликвидноста од член 2 од овој правилник.

IV. Содржина, начин и рокови на известување

Член 9

(1) Друштвото за осигурување е должно да ја известува Агенцијата за дневните коефициенти на ликвидност на месечна основа, во рок од десет работни дена од последниот ден во месецот, на Образецот КЛ.

(2) Друштвото за осигурување го доставува уредно пополнетиот Образец КЛ во електронска форма на начин утврден од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.

V. Преодни и завршни одредби

Член 10

(член 10 од Правилникот за методот за пресметка на коефициентот на ликвидност и минималната ликвидност објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 64/11)

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува од 1 октомври 2011 година.

Член 11

(член 2 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за методот за пресметка на коефициентот на ликвидност и минималната ликвидност објавен во „Службен весник на Република Македонија" бр. 61/16)

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 април 2016 година.

(2) Друштвата се должни овој правилник да го применуваат со изготвувањето на извештаите за вториот квартал за 2016 година.

Бр. _____ **Претседател на Советот на експерти**

д-р Климе Попоски

од _____ година
Скопје

(група) (назив на друштво) (тековна година) КЛ: Пресметка на коефициентот на ликвидност		
		Износ на ден:
		(*)
		1
ЛИКВИДНИ СРЕДСТВА (I1+I2+I3+I4+I5)	**I**	**0**
Парични средства во банка и во благајна во домашна валута	I1	
Парични средства во банка и во благајна во странска валута	I2	
Депозити по видување	I3	
Орочени депозити доколку доспеваат во наредните седум дена, односно можат да се отповикаат во наредните седум дена	I4	
Хартии од вредност кои доспеваат во рок од седум дена (I5.1+I5.2+I5.3.)	I5	0
Класифицирани како ХВ кои се чуваат до доспевање	*I5.1*	
Класифицирани како ХВ расположливи за продажба	*I5.2*	
Класифицирани како ХВ чувани за тргување (по објективна вредност преку билансот на успех)	*I5.3*	
ОБВРСКИ (II1+II2)	**II**	**#REF!**
ДОСПЕАНИ ОБВРСКИ (II1.1+II1.2+II1.3+II1.4)	**II1**	**#REF!**
Доспеани обврски по основ на непосредни работи на осигурување, соосигурување и реосигурување (II I1.1.2+111.1.3)	II1.1	0
Доспеани обврски по основ на непосредни работи на осигурување, соосигурување и реосигурување		
Доспеани обврски за провизија	*II1.1.2*	
Останати доспеани обврски од непосредни работи на осигурување	*II1.1.3*	
Доспеани обврски по основ на вложувања	II1.2	
Доспеани обврски спрема вработените	II1.3	
Останати доспеани обврски	II1.4	
ОБВРСКИ КОИ НАСКОРО ЌЕ ДОСПЕАТ (II2.1+II2.2+II2.3+II2.4)	**II2**	**#REF!**
Обврски по основ на непосредни работи на осигурување, соосигурување и реосигурување кои наскоро ќе доспеат (112.1.1+I I2.1.2+II 2.1.3)	II2.1	0
Обврски по основ на непосредни работи на осигурување, соосигурување и реосигурување кои наскоро ќе доспеат	*II2.1.1*	
Обврски за провизија кои наскоро ќе доспеат	*II2.1.2*	
Останати обврски од непосредни работи на осигурување кои наскоро ќе доспеат	*II2.1.3*	
Обврски по основ на вложувања кои на скоро ќе доспеат	II2.2	
Обврски спрема вработените кои наскоро ќе доспеат	II2.3	
Останати обврски кои наскоро ќе доспеат	II2.4	
Коефициент на ликвидност		**#REF!**

(*) Се внесува денот и месецот за кој е направена пресметката .пример: 01.03. ако коефициентот се однесува ма рт.	на првиот ден од месец